ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 10.06.2013

# СООПШТЕНИЕ

## За податоци во врска со барања за издавање на електронска здравствена картичка (ЕЗК)

Во **ФЗОМ** досега се **пристигнати 250 јавувања на** бесплатниот телефонски 0800 33 2222 од **пенизонери** кои се на возраст над 70 години, како и на изнемоштени лицај кои побараа документите за ЕЗК да им бидат превземени од нивните домови. Заклучно со петок, 08 јуни 2013 година **230 осигуреници се веќе посетени а** 20 ќе бидат посетени денес.

Истовремено, поради зголемениот обем на телефонски јавувања на бесплатниот телефон, ФЗОМ обезбеди повеќе телефонски линии да бидат на располагање на граѓаните во овој временски период за да можат да се јават и да ги добијат сите потребни информации, односно да достават барања за преземање на документацијата од нивните домови.

Барање за издавање на ЕЗК осигурениците осигурениците може да го сторат во Подрачната Служба Скопје, од 07:30 до 19:00, како и на истурените шалтери на ФЗОМ во Драчево, Ѓорче Петров и Чаир. Во дополнителни четири единици кои се сместени во поликлиниките Букурешт, Идадија, Јане Сандански и Ченто има одговорно лице од ФЗОМ за прием на документацијата за барања за издавање на езк.

Воедно **ги повикуваме** и **сите** преостанати правни и физички лица кои немаат доставено барање или уплата за издавање на ЕЗК, истото да го направат во најбрз можен рок во подрачните служби на ФЗОМ. Законската регулатива предвидува да сите осигуреници мораат да имаат поднесено барање за издавање на ЕЗК заклучно со 30 јуни 2013 година.

Со почит,
ФЗОМ